Република Северна Македонија - Република е Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 01-73/1
15.01. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија

# -ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP

| Примено: E Pranuar: | 15-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 05 | -455/1 | | |

До Министерство за труд и социјална политика

Предмет: Тримесечен извештај октомври – декември 2024 година

Почитувани во прилог Ви доставуваме Тримесечен Извештај од ЈУ Детски дом „11 Октомври" – Скопје. Истиот содржи:

- Квартален извештај за активностите на Центар за поддршка на згрижувачки семејства
- Материјално финансов извештај
- Извештај за воспитната работа на Организационите единици
- Тримесечен извештај од работата на правникот

15.01.2025

в.д Директор

м-р Розетка Влаховиќ

Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
ул. „Васил Ѓоргов бр.25" ........
Република Северна Македонија

Тел- 02/3113-254
e-mail – judd-sk@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 01-64/1
13.01. 20 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија

# -ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

## Центар за поддршка на згрижувачки семејства

**Квартален извештај за активностите на**

**Центар за поддршка на згрижувачки семејства**

**за период од 30.09.2024 – 31.12.2024 год.**

Бројот на згрижувачки семејства и сместени корисници заклучно со 31.12.2024 година во регионите односно општините за кои е надлежен нашиот Центар за поддршка на згрижувачки семејства при ЈУ Детски дом 11ти Октомври, Скопје е **вкупно 178** згрижувачки семејства од кои **112 згрижувачки семејства** (општи, специјализирани и интервентно) и **66 роднински згрижувачки семејства, а вкупниот број на сместени корисници во рамки на згрижувачките семејства заклучно со 31.12.2023 година изнесува 234 корисници**, додека пак во рамки на **роднинските згрижувачки семејства бројот на сместени корисници е 94 или вкупен број на сместени корисници е 328.**

Бројот на нови згрижувачки семејства во послениот квартал од 2024 година е осум (8) згрижувачки семејства од кои четири (4) општи згрижувачки семејства и тоа две (2)во Тетово и две (2) во Скопје, и четири (4) роднински згрижувачки семејства и тоа едно (1) во Куманово, две (2)во Штип, едно (1) во Кочани и едно (1) во Скопје.

Затворени се вкупно седум (7) згрижувачки семејства и тоа чест (6) општи згрижувачки семејства и едно (1) роднинско згрижувачко семејство. е е едно општо згрижувачко семејство од Скопје.

Причините за престанок на статусот на згрижувачко семејство се различни, дел од нив се затворени по констатирана недоволно квалитетна грижа или лично откажување од оправдани причини. Додека пак роднинските згрижувачки семејства престануваат со обавување на згрижувачката функција поради полнолетство односно завршување на задолжителното средно образование на сместените корисници. Во моментов во тек на проценка на подобноста за стекнување со статус на згрижувачко семејство е едно ( 1) потенцијално згрижувачко семејство од Скопје.

Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
ул. „Васил Ѓоргов бр.25" ........
Република Северна Македонија

Тел: 070-338-279
e-mail: zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

Од вкупниот број на сместени корисници во овој квартал има престанок за три (3) корисника од кои како причина за престанок во 2 случаи е полнолетство односно осамостојување на корисниците, и во еден (1) случај реинтеграција на корисникот во биолошкото семејство.

Стручниот тим од ЦПЗС Скопје постапуваше по 22 барања за избор (сместување) на згрижувачко семејство и тоа од градовите, Скопје, Битола, Куманово, Тетово, Кратово, Прилеп, Кочани, Штип, Кавадарци, Македонски Брод, Гевгелија, Охрид. По однос на сите поднесени барања, Стручниот тим презеде активности за избор на згрижувачко семејство и притоа позитивно одговори на 11 барања и тоа на ЈУМЦСР Скопје, Куманово, Кратово, Тетово, Кочани, Штип, Охрид, Прилеп и Кавадарци. Вкупниот број на новосместени корисници во последниот квартал 30.09.2024–31.12.2024 год. е 14 корисника кои се под надлежност на старателскиоте органи и тоа: ЈУ МЦСР Скопје, Куманово, Кратово, Тетово, Кочани, Прилеп, Кавадарци, Охрид. При изборот на соодветно згрижувачко семејство, Стручниот тим соработува, се координира (преку телефонска комуникација и лична комуникација) реализира заеднички координативни средби со надлежните Центри за социјална работа за корисникот .

Стручниот тим од ЦПЗС Скопје, во изминатиот период ги реализира редовните квартални посети во згрижувачките семејства, но и други ненајавени посети по претходно проценета состојба и утврдена потреба. Имено, тука се и посети при процесот на следење на адаптација на корисник во семејството, увиди при проценка на подобноста на нови односно потенцијалните згрижувачки семејства, како и репроценка на веќе постоечките згрижувачки семејства како и интензивна поддршка поради криза во семејството. **Вкупниот број на реализирани посети за изминатиот квартален период е 286.** Увидите се реализирани во општините на Град Скопје, Куманово, Тетово, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Штип, Крива Паланка, Кратово, Кочани, Виница, Гостивар, Пробиштип-Злетово. Како дел од процесот на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници покрај кварталните посети во домот на згрижувачкото семејство, реализирани се и индивидуани средби како и средби во група, размена на информации со стручните служби од училиштата каде децата посетуваат настава и слично.

Покрај постапувањата по нови Барања од потенцијалните згрижувачки семејства, Стручниот тим од ЦПЗС Скопје во континуитет постапува и по поднесените барања за

репроценка на веќе постоечките згрижувачки семејства и во изминатиот тримесечен период спроведе репроценка на подобноста на (33) триесет и три згрижувачки семејства.

Комуникацијата со сите Центри за социјална работа се одвива во континуитет и најчесто се однесува на прашања за потреба од избор на згрижувачко семејство, за самите згрижувачки семејства и согледани состојби во врска со сместеното дете, деца или лица, потреба за сместување или реинтеграција на дете/деца или лице.

Како Центар за поддршка на згрижувачки семејства во рамки на своите овластувања и надлежности фокусирани сме на регрутирање и развивање на мрежата на згрижувачки семејства , но воедно и на јакнење на веќе постоечките , а пред се во насока на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници и напредокот на децата во згрижувачки семејства

Во рамки на развивање на соработка со локалната заедница и добивање на поддршка пред се во делот на развивање на формата на згрижување и ширење на мрежата на локално ниво како и подобрување на услугите на локално ниво за згрижувачките семејства и сместените крисници во текот на месец Октомври, 2024 година одржана е работна средба со општина Кисела Вода со кои беа догховорени конкретни чекори за поддршка во насока на промоција на згрижувањето.

Особен предизвик за нас во континуитет преставуваат барањата за специјализирано згрижување. Имено, бројот на специјализирани згрижувачки семејства на ниво на целата држава е недоволен да одговори на потребите и барањата на центрите за социјална работа. Свесни сме за сето она кое следува во однос на очекуваните барања за откажување од грижа пред се поради возраста на самите згрижувачки семејства и нивната истрошеност кога станува збор за грижата на децата или лицата со попреченост . Но, сметаме дека како проблем е и самиот факт што се помалку има заинтересирани згрижувачки семејства кои би се предодредиле да бидат специјализирани за деца/лица со попреченост. Би сакале да истакнеме дека како причина за тоа се и негативните искуства кои ги имаат веќе постоечките специјализирани згрижувачки семејства , а кои ги споделуваат проблемите со кои секојдневно се соочуваат пред се поради немањето на поддршка од здравствениот систем па и образовниот (мал број на образовни асистенти), немањето на доволно комисии за проценка на функционалноста на децата, чекањето на термини , скапата терапија и

слично. Немањето на други алтернативни форми за деца со попреченост (кои би биле помош од времен карактер)преставува предизвик во ситуации кога во даден момент нема друга форма на заштита, па во таа насока би требало да размислуваме за можноста од привремени алтернативни форми до изнаоѓање на адекватно специјализирано згрижувачко семејство.

Како резултат на воспоставена соработка со општина Кисела Вода во текот на месец Август, 2024 година сите деца на училишна возрасдт сместрни во згрижувачките семејства на територија на општина Кисела Вода беа вклучени во летен камп кој е финансиран од страна на општината.

За новогодишните празници за сите деца сместени во згрижувачките семејства се обезбедени новогодишни пакетчиња. Околу 50 деца уживаа во авантурите на Зимзоленд под покровителство на Владата на Р.С. Македонија и Министерството за социјална политика, демографија и млади, учествуваа на театарска новогодишна претстава во Театар,, Чекорчиња,, , учествуваа на новогодишна претстава во Веро Џамбо каде им беа доделени и новогодишни пакетчиња од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Центарот за поддршка на згрижувачки семејства Скопје, во континуитет ќе спроведува активности и ќе презема дејствија кои се во негова надлежност, а се со цел поддршка на постоечките но и на проценка како и промовирање на формата - згрижување во згрижувачко семејство со цел развивање и зајакнување на мрежата на згрижувачки семејства.

Раководител,
Ана Панчева

Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
ул. „Васил Ѓоргов бр.25" ........
Република Северна Македонија

Тел: 070-338-279
e-mail: zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë
ЈУ Детски дом „11 Октомв
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tet
Бр.-Nr. 01-68/1
14.01. 2025 год
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

**МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД октомври - декември**

**2024 - ГОДИНА**

**Врз основа на член 49 став 1 и член 55, став 1, од Законот за организација и работа на органите на државна управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 10/19), а во врсла со Законот за извршување на Република Северна Македонија за 2024 година (Службен весник бр.28 од 28.12.2023 г), Министерството за труд и социјална политика донесе Решение за распределба и реализација на Буџетот за 2024 година за Јавните установи.**

Буџетските средстват за потребите на Јавните установи за институционална социјална заштита во основа се распределени според бројот на корисниците и вработените и во зависност од специфичните потреби и дејности на Установата.

Врз основ на критериумите од ова решение на Установата е одобрен буџет на Раздел 15001 подпрограма 42 и потпрограма 46, по расходни ставки како во Годишниот план што е дел од Решението на Министерството за труд и социјална политика.

Сретствата од Финансовиот план на Установата се одобруваат во текот на годината од страна на Министерството за труд и социјална политика според доставување на барање за буџетот а во сoгаснос на потребите за истиот период.

Во Годишниот финансов план за 2024 година се обезбедени средства во ЈУ Детски Дом „11 Октомври" -Скопје за подпрограма 42 и 46, по расходни ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 вкупно 9.392.315,00.

Годишниот финансов план на подпрограма 42 по расходни ставки изгледа вака :

| | |
|---|---|
| • 420 Патни трошоци и дневни расходи | 15.000,00 |
| • 421 Комунални расходи | 3.200.000,00 |
| • 423 Набавка | 60.000,00 |
| • 424 Сервисни услуги | 137.000,00 |
| • 425 Договорни услуги | 420.000,00 |
| • 426 Други расходи | 230.000,00 |
| **ВКУПНО** | 4.062.000,00 |


Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
Ул. „.Васил Ѓоргов бр.25..........................................
Република Северна Македонија

Во 2024 година на подпрограма 46 раздел 15001 Годишниот финансов план по расходни ставки изгледа вака:

| | |
|---|---|
| • 420 Патни и дневни расходи | / |
| • 421 Комунални расходи | 952.000,00 |
| • 423 Набавки | 1.300,000,00 |
| • 424 Сервисни услуги | 78.315,00 |
| • 425 Договорни услуги | 3.000.000,00 |
| • 426 Други расходи | / |
| • 464 Разни трансвери | / |
| • 480 Купување канцелариска опрема | / |
| **ВКУПНО**: | 5.330.315,00 |

Во четвртиот квартал октомври - декември 2024 година на подпрограма 42 раздел 15001 а врз основа на одобрените средства од Буџетот и според потребите за нормално одвивање на процесот на работа во Установата потрошувачката на средствата по расходни ставки изгледа вака :

| | |
|---|---|
| • 420 Патни и дневни расходи | 2.500,00 |
| • 421 Комунални расходи | 983.733,00 |
| • 423 Набавка на храна ,лекови,канц.и др.потреби | 22.522,00 |
| • 424 Сервисни услуги | 64.139,00 |
| • 425 Договорни услуги | 588.698,00 |
| • 426 Други расходи | 8.000,00 |
| • 464 Разни трансвери | 20.391,00 |
| **ВКУПНО** | 1.689.983,00 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 2.841.847,00 |
| СЕ ВКУПНО | 4.531.830,00 |

Во овој квартал октомври – декември имаме трошоци на потпрограма 46 односно средства што се искористени за покривање на плати и надоместоци, комунсални услуги и закуп на деловни простории предвидени со процесот на деинституционализација а тоа по расходни ставки изгледа:

| | |
|---|---|
| • 421 Комунални расходи | 3.000,00 |
| • 423 Набавки | 656.621,00 |
| • 424 Сервисни услуги | 151.694,00 |
| • 425 Договорни услуги | 632.040,00 |

| | |
|---|---|
| • 426 Други расходи | 3.110,00 |
| • 465 Разни трансвери | / |
| **ВКУПНО** | 1.474.465,00 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 4.934.716,00 |
| СЕ ВКУПНО | 6.409.181,00 |

Ако ги земеме во предвид потрошувачките по сите расхдни ставки на двете подпрограми 42 и 46, вкупната потрошувашка во четвртиот квартал октомври – декември би изгледало вака :

| | |
|---|---|
| ВКУПНО ОД 420 ДО 464 | 3.164.448,00 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 7.776.563,00 |
| **СЕ ВКУПНО** | 10.941.011,00 |

Од одобрените средства на расходна ставка 423 за набавка на храна, канцелариски, средства за хигиена, електробраварски и други потреби, за потребите на Установата што одат преку магацин во рамките на сите магацини во четвртиот квартал од 01.09.2024 до 31.12.2024 година потрошено е вкупно .483.736,00 денари.

Олга Марковиќ Митевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 01-65/1
13.01. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

# Квартален тримесечен извештај за период октомври , ноември и декември 2024 година од правникот на Установата

Во извештајниот период се извршуваа работите од својот делокруг, редовно и навремено.
- За 2024 година поднесени се Барања за согласност за вработувања;
- изготвени се Решенија за годишни одмори и Решенија за слободни денови од оценување;
- Потврди ;
- Известувања за вработените;
- Задолженија за вработените;
- Овластувања за управување со службените патнички возила;
- Решенија за плата;
- Решенија за престанок на задолженија;
- Решенија за распоредувања
- Нови решенија за кординатори
- Изготвени се Договори за дела;
- Записници за донација,
- Направена документација за оценување на давателите на услуги и административни службеници и немаше изречена дисциплинска постапка
-Одлука за регрес и Решенија за регрес
- Решение за комисија за попис
- Подготовка на годишен план за вработување 2024 година
- Објавување на јавен оглас за вработување на еден дипломиран социјален работник по добиена согласност од МФ и МТСП.
- Остварува редовни контакти со другите вработени и со други институции во доменот на својата работа
- како и други нормативнио-правни и други административни работи

Архивското работење се извршуваше редовно и навремено согласно законските прописи.

Правник
Бисера Касутевска Ќосиќ

Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
ул. „Васил Ѓоргов бр.25" .......
Република Северна Македонија

Тел: 02/3113-254....................
e-mail: judd-sk@mtsp.gov.mk